ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ
Секретаријат
Бр...19....
8 октомври 1944
Г.Врановци

Да не се заведува а.а. секретаријат

49а

До Вера Ацева

с.Блатец

Овластувате се во името на Президиумот на АСНОМ да наименувате привремени народно ослободителни одбор за вашата област и да одредите неговото седалиште до ослободуванйето на обласнио град.

Во исто време овластува се привремениот обласни одбор да може да наименува привремени околийски народно ослободителни одбори во онийа околи во кой не е могла до сега да се изврши избор.И за околийските Н.О.О.да се одредат седалишта до ослободуванйето на околийските градой.

Задолжувате се под полна отговорност да за 10 дена завршите организиранйето на сите Н.О.О-и на ослободената територийа во вашата област.

Редовно испракйайте извештаи за организиранйето на Н.О.О-и за пойавилите се проблеми и како народот прима нашата демократска власт.

Уредите курирска служба по мегйу Н.О.О-и во областа Ви, како и курирска врска по мегйу нас и обласнио одбор.Барем неделно еднаш тайа врска мора да се подржава.

Смрт на фашизамот-слобода на народот!

СЕКРЕТАР,

ПРЕДСЕДАТЕЛ
ПРЕДСЕДАТЕЛ,

1,-